**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ

# ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ

# ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност од Скопје е основано на 9.1.2015 година.

Визија на Здружението е да бидеме најактивни чинители во процесот на ресоцијализација и реинтеграција на социјално загрозените лица во земјата.

Мисија ни е континуирана едукација, помош и поддршка на социјално загрозените лица во нивниот процес на реинтеграција.

Стратешки цели на Здружението се:

1. Хуманитарна помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци
2. Посета и помош на самохрани мајки и деца
3. Посета и помош на стари, изнемоштени и болни лица
4. Водење грижа за квалитетот на работата на своите членови и нивно постојано учество на собири во земјата и надвор од неа
5. Издавање публикации со кои се дава увид во работата на Здружението
6. Развивање соработка со сите слични здруженија во државата и надвор од неа.

Во текот на календарската 2016 година Здружението Љубезност во целост се водеше од својата мисија и својата визија и сите спроведени активности беа усогласени со нив. Дополнително, сите подолу спомнати активности на здружението беа насочени кон остварување на нашите стратешки цели.

Во текот на 2016 година Здружението Љубезност ги спроведе следните програмски активности:

1. Делење 200 оброци како и облека на бездомниците секоја недела во центарот на Скопје
2. Организирање помош за повеќе од 250 социјално загрозени семејства во вид на храна, намештај, бела техника, реновирање и. т. н.
3. За време на поплавите во Скопје, Љубезност отвори пункт за собирање донации (храна, облека,

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

4. хигиенски средства, лекови и друго) од граѓаните. Во оваа акција се приклучија 50 волонтери на самиот пункт и за дистрибуција на донациите и 230 волонтери кои беа ангажирани како работна сила на терен. Целата активност се одвиваше во текот на 12 дена. Имавме соработка и со АДРА Македонија во тој период.
5. Учество на конференции, семинари и состаноци од социјалната сфера.
6. Соработка со македонската естрада. Со поддршка на десетина естрадни уметници беше испратен малиот Иван и неговата баба на седум дневен одмор во Охрид со платени сите трошоци. Малиот Иван за прв пат беше отиден на одмор и тоа беше огромна радост и доживување за него.
7. Есенски пунктови за собирање храна, облека, обувки и постелнина на четири локации во Скопје во сотавот на големите трговски центри, каде граѓаните донираа.
8. Поддршка на самохрани мајки во вид на храна, облека, набавка на грејни тела, дрва за огрев, реновирање на домовите и. т. н.
9. Овие акции го привлекоа вниманието на многу медиуми во Македонија. Во соработка со некои од нив остваривме посети и помош на семејствата кои беа медиумски покриени во прилози.
10. Собирање и делење новогодишни пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства:
    - Беше отворен пункт за собирање кондиторски производи или цели пакетчиња. Имаше и претпријатија кои донираа. Имавме за цел 200 а добивме 500 пакетчиња.
    - Потоа се собраа млади волонтери и ги пакуваа пакетчињата.
    - Голем дел од овие деца во својот живот никогаш не добиле никаков подарок. Беа собрани во малиот салон на Универзалната сала во Скопје и со пригодна свечаност беа поделени пакетчињата.
11. Новогодишна трпеза за бездомници и социјално загрозени. После новогодишната вечер голема количина на храна се фрла во ѓубре. Љубезност организираше собирање на таа храна како и посиромашните семејства би можеле да го добијат вишокот храна за Новогодишните празници.
12. Волонтери:
    - Волонтери на Ретвитни оброк – 40
    - Волонтери за поплавата во Скопје – 50 + 230
    - Волонтери на АССР (Асоцијација на студенти по социјална работа) – 30
    - Повеќе од 110 волонтери се вклучени во нашите акции. Околу 300 луѓе донирале пари, храна, облека, мебел или бела техника.
13. Реализирано во 2016:
    - Зголемување на соработката со други здруженија – во тек
    - Изнајмување магацински простор – реализирано
    - Сезонско собирање донации – реализирано
    - Собирање и делење новогодишни пакетчиња – реализирано
    - Новогодишна трпеза за бездомници и социјално загрозени – реализирано
    - Проект за центар за социјална и професионална реинтеграција – проектот е изработен
    - Проект за шелтер центар за самохрани мајки – долгорочен план

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Ул. Влае Бр. 42 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Денарска сметка**:
300000003810681
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT**:
KOBSMK2X

Активностите на Здружението на граѓани Љубезност во текот на 2016 година повеќепати беа објавувани во печатени, електронски и интернет медиуми, а наши членови имаа неколку гостувања во телевизиски емисии.

Планирани активности за 2017 година:

- Делување во другите градови во Македонија
- Соработка со здруженија, институции и компании (вмрежување)
- Формални и неформални состаноци со волонтерите
- Сезонско собирање донации
- Реализација на проектот за Центар за социјална и професионална реинтеграција
- Собирање и делење на новогодишни пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства
- Новогодишна трпеза за бездомници и социјално загрозени
- Отворање на канцеларии на Здружението Љубезност
- Проект за шелтер центар за самохрани мајки – долгорочен проект

Претседател на ЗГ Љубезност: Дата:

Тони Станковски 20.01.2017 год.